Простор за архивски печат на барателот на услуга доколку барателот е правен субјект

Простор за архивирање од страна на ЈП Градски паркинг- Скопје

# *Б А Р А Њ Е____________________-Д О Г О В О Р*

***ЗА ПОВЛАСТЕНА КАТЕГОРИЈА КОРИСНИК ____________________***

***ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГА- ПАРКИРАЊЕ НА:***

- ○ ***ЈАВНО ПАРКИРАЛИШТЕ*** ____________________ ***КАРТИЧКА БР.*** ________
- ○ ***КАТНА ГАРАЖА*** ____________________ ***КАРТИЧКА БР.*** ________
- ○ ***ЈАВНА ПОВРШИНА НАМЕНЕТА ЗА ПАРКИРАЊЕ- ЗОНА*** ________________

(Да се означи ⊗ и дополни)

## *ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА*

**Име и презиме/Назив на правен субјект** ________________________________________
**(да се пополнат двете доколку се работи за категорија „вработен кај правен субјект")**

**Адреса од л.к./ Седиште на правен субјект** ________________________________________

**Контакт телефон/ телефакс/ е-пошта/ ембс** ________________________________________

**Лице за контакт и потписник** ________________________________________
**(доколку барателот е правен субјект)**

## *ПОДАТОЦИ ОД СООБРАЌАЈНА ДОЗВОЛА*

***ПОДАТОЦИ ЗА ПРВО ВОЗИЛО:***

Регистарска ознака: ______________ Марка на возило: ________________
Адреса од сообраќајна дозвола: ______________________________

***ПОДАТОЦИ ЗА ВТОРО ВОЗИЛО:***

Регистарска ознака: ______________ Марка на возило: ________________
Адреса од сообраќајна дозвола: ______________________________

***ПОДАТОЦИ ЗА ТРЕТО ВОЗИЛО* (единствено за Д зона):**

Регистарска ознака: ______________ Марка на возило: ________________
Адреса од сообраќајна дозвола: ______________________________

***СО ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОВА БАРАЊЕ ПОТВРДУВАМ ДЕКА:***

- се согласувам моите лични податоци на ова барање-договор да бидат регистрирани, зачувани и обработувани согласно Законот за заштита на лични податоци (Службен Весник на РМ број 7/05 од 01.02.2005 година и 103/08 од 19.08.2008 година; член 6, став 1, алинеја 2), заради извршување на договорот се до наплатата на долгот. Личните податоци можат да бидат откриени на надлежни институции, правни застапници на ЈП Градски Паркинг- Скопје заради наплата на долг. Имате право на пристап и исправка на личните податоци. Доколку договорот се обнови односно продолжи, согласен сум личните податоци да се обработуваат.
- податоците кои што ги наведов се точни;
- задолжително писмено ќе го информирам Претпријатието за секоја промена на податоците;
- се согласувам Претпријатието да ме контактира при промовирање на своите услуги.

***ДОКУМЕНТИ ДОСТАВЕНИ ВО ПРИЛОГ***

***ЗАБЕЛЕШКА:***

Простор за архививски печат на барателот на услугата

Простор за архививски печат на ЈП Градски паркинг- Скопје

## *ПРАВА И ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ И ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА ПАРКИРАЊЕ*

1. Месечна/годишна претплата за користење услуга паркирање на јавно паркиралиште, катна гаража или јавна површина наменета за паркирање за категорија корисник ______________________________ согласно Ценовникот на давателот на услугата изнесува _____________ ден.
2. **Корисникот на услуга** на јавно паркиралиште и катна гаража се обврзува еднократно да уплати износ од 180,00 денари со вкалкулиран *ДДВ* од 18% за прво издавање на бесконтактна електронска чип картичка.
3. Доколку корисникот на услуга паркирање на јавно паркиралиште и катна гаража ја загуби картичката, се обврзува писмено да пријави кај давателот на услуга. За повторно издавање на загубена картичка, замена на оштетена картичка или картичка чиј рок е изминат, корисникот на услуга се обврзува да уплати износ од 180,00 денари со вкалкулиран *ДДВ* од 18%.
4. Корисникот на услуга се обврзува бесконтактната електронска чип картичка да ја користи единствено за возилото за кое е издадена. Злоупотреба на картичката е основ за раскинување на ова Барање- Договор.
5. Корисникот на услуга е должен да ја почитува хоризонталната и вертикална сигнализација (во случај корисникот на услугата да не ја почитува оваа обврска, давателот на услуга има право неговото возило да го отстрани од јавното паркиралиште односно, јавната површина наменета за паркирање со помош на специјално возило Пајак или да постави блокатор на тркало- лисици).
6. Корисникот е должен сите измени кои ќе настанат по склучување на ова Барање- Договор да ги пријави до давателот на услуга, да се информира и да ги следи сите измени од веб страната на претпријатието (www.gradskiparking.com.mk). Со потпишување на ова Барање- Договор корисникот е согласен и однапред ги прифаќа сите измени на Ценовникот на услуги.
7. Корисникот на услуги на јавното паркиралиште „Катна Гаража ___________________ " има обврска да се паркира на ______ кат и тоа секој работен ден не повеќе од 9 (девет) работни часови.
8. **Давателот на услуга** се обврзува корисникот на услугата да го внесе во систем или да му издаде бесконтактна електронска чип картичка.
9. Давателот на услуга се обврзува да ја одржува хигиената односно, навремено да ги превзема сите потребни мерки за непречено користење на јавното паркиралиште, катна гаража односно, јавна површина наменета за паркирање.
10. Давателот на услуга нема обврска да го чува или обезбедува паркираното возило и не одговара за евентуално настанатите штети или кражба на возилото.
11. Давателот на услугата не гарантира слободно паркинг место на корисникот на услугата (слободно паркинг место во текот на 24 часа е обезбедено со услугата „паркирање на резервирано паркинг место").
12. Давателот на услуга го задржува правото да врши ажурирање на податоците, да врши промена на условите при користење на услугата, да изврши промена на цената на услугата паркирање на јавно паркиралиште, катна гаража односно, јавна површина наменета за паркирање.
13. Обврските кои произлегуваат од ова Барање- Договор се подмируваат од 25ти до 30ти во месецот за користење услуга наредниот месец, освен ако не е поинаку договорено. Уплатата задолжително треба да ги содржи следните податоци: име и презиме на носителот на услуга, број на картичка или шифра на корисник, регистарска ознака на возилото за кое е издадена услугата и период за кој се се врши уплатата. За непочитување на рокот на уплата, давателот на услугата има право да ја исклучи електронската чип картичка кај јавните паркиралишта и катни гаражи односно, да ја укине дозволата за зонско паркирање кај јавнатата површина наменета за паркирање се додека корисникот не изврши уплата за услугата.
14. Неисполнувањето на обврските од ова Барање- Договор се основ за поведување на постапка пред надлежен Суд.
15. Договорните страни се обврзуваат доследно да се придржуваат кон член 26 и останатите одредби од Законот за заштита на лични податоци (Службен Весник на РМ број 7/05 и 103/08, 124/10 и 135/11).
16. Ова Барање- Договор се склучува за период од __.__.20__ година до __.__.20__ година.
17. Ова Барање- Договор се пополнува во два истоветни примероци.

***СО ПОПОЛНУВАЊЕ/ ПОТПИШУВАЊЕ НА ОВА БАРАЊЕ- ДОГОВОР ЗА КАТЕГОРИЈА КОРИСНИК ________________________ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГА ПАРКИРАЊЕ НА ЈАВНО ПАРКИРАЛИШТЕ , КАТНА ГАРАЖА ИЛИ ЈАВНА ПОВРШИНА НАМЕНЕТА ЗА ПАРКИРАЊЕ, ЗАПОЗНАЕН СУМ СО СИТЕ ПРАВА И ОБВРСКИ, СОГЛАСЕН СУМ И ГИ ПРИФАЌАМ СИТЕ УСЛОВИ И ОБВРСКИ КАКО КОРИСНИК НА УСЛУГАТА, ПРЕДВИДЕНИ ВО АКТИТЕ НА ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ.***

Скопје, __.__.20__ година

***ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕТО:***

_____________________________

**(Име и презиме, потпис)**

***ДАТУМ НА ВНЕСУВАЊЕ ВО СИСТЕМ***

__.__.20___ година

www.gradskiparking.com.mk

инфо центар: ++ 389 2 321 55 66

| ***БАРАЊЕТО ГО ПРИМИЛ:*** | ***БАРАЊЕТО ГО ПРОВЕРИЛ:*** | ***БАРАЊЕТО ГО ОДОБРИЛ:*** | ***БАРАЊЕ- ДОГОВОР ПОТПИШАНО ПО ОВЛАСТУВАЊЕ:*** | ***БАРАЊЕТО ГО ОБРАБОТИЛ:*** |
|---|---|---|---|---|
| **Референт** | | | | **(Референт кој извршил внасување на податоците во систем)** |
| ____________ | ____________ | ____________ | ____________ | ------------------------ |
| (Име и презиме, потпис) | Сектор за правни и општи работи | Сектор Јавни Паркиралишта Раководител на Одделение за односи со корисници, Валентина Богданоска Јованоска | Сектор Јавни Паркиралишта Раководител, Славчо Јовановски | (Име и презиме, потпис) |